Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16), Градоначалникот на Општина Кочани, на ден ___________2022 година, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 22-2489/2
30. 12. 20 22 год.
КОЧАНИ

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Изменување и дополнување на урбанистички план за село Тркање, со разработка на Блок 17, КО Тркање, Општина Кочани, кој се носи согласно законот за урбанистичко планирање не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена ќе се објави на веб страната на Општина Кочани www. kocani.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Изменување и дополнување на урбанистички план за село Тркање, со разработка на Блок 17, КО Тркање, Општина Кочани, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: се работи за изменување и дополнување на урбанистички план за село, со разработка на блок, за кој е спроведена постапка за стратегиска оцена на влијанија.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Изработил: Ружица Минова
Р. Минова

Одобрил: Дивна Цековска

**ОПШТИНА КОЧАНИ**
Градоначалник,
Љупчо Папазов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 22-2489/1
30.12. 2022 ГОД.
КОЧАНИ

| **Податоци за органот кој го изработува планскиот документ** | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Изменување и дополнување на урбанистички план за село Тркање, со разработка на Блок 17, КО Тркање, Општина Кочани |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ДТУ БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Кочани |

| **Податоци за изработувачот на планскиот документ** | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Бојан Муличковски<br>Меланија Калајџиска<br>Лимба Минова Златески |
| Назив на работното место | Овластени планери |
| Контакт податоци за лицето | ДТУ БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје 02 3083575 |

**Основни податоци за планскиот документ**

Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)

Изменување и дополнување на урбанистички план за село Тркање, со разработка на Блок 17, КО Тркање, Општина Кочани,се изработува врз основа на Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр. 225/20 и 219/21).

Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?

Да☐
Не☒

Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?

Урбанистички план за село Тркање, донесен 2020г. Основна цел на ова Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Тркање, со разработка на Блок 17, КО Тркање, Општина Кочани, е разработка и парцелација на претходно планираните намени во рамки на планскиот опфат (со постојниот УПС од 2020 година), а согласно состојбата на лице и потребите на крајните корисници.

Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.

Да, просторно и урбанистичко планирање

Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да☒<br>Не☐ | Член: 3 | Точка: 13 | Алинеја: |

Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.

Не

Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.

Да. Се врши Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Тркање, со разработка на Блок 17, КО Тркање, Општина Кочани каде основа цел е разработка и парцелација на претходно планираните намени во рамки на планскиот опфат (со постојниот УПС од 2020 година). Површината на планскиот опфат е 2.27ха.

Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.

Основна цел на ова Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Тркање, со разработка на Блок 17, КО Тркање, Општина Кочани, е разработка и парцелација на претходно планираните намени во рамки на планскиот опфат (со постојниот УПС од 2020 година), а согласно состојбата на лице и потребите на крајните корисници. Извршена е детална разработка на Блокот 17, со планирање на градежни парцели и површини за градење. При тоа планирана е и секундарна улична мрежа во внатрешноста на блокот, која се надоврзува на претходно планираната улична мрежа, а со која се обезбедува сообраќаен пристап до сите планирани градежни парцели, а воедно и ќе создаде тампон зона помеѓу меѓусебните некомпатибилни намени.

Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)

Урбанистичко планирање на просторот

Периодот за донесување на планскиот документ.

2021-2031

Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?

/

Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)

Просторот дефиниран за изработка на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Тркање, со разработка на Блок 17, КО Тркање, Општина Кочани, со својата местоположба припаѓа на територијата на село Тркање, Општина Кочани и е со површина од 2.27ха. Планирана намена на просторот е: **А1** - Домување во куќи, **В2.8** – Установи за згрижување на деца од предшколска воздраст – детски градинки, јасли и сл., **Г2** – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, **Е1.8** – Инфраструктури за пренос на електрина енергија /трансформаторска станица/, **Е1.9** – Телекомуникациски водови /телекомуникациски столб/антена/, **Е1.1** – Собраќајни и патни инфраструктури, **Д2.1** – Заштитно зеленило. За предметниот простор е донесен Урбанистички план за село Тркање во 2020год, за кој е спроведена постапка за оцена на влијание врз животната средина, и е добиено Позитивно мислење по Финален Извештај од страна на МЖСПП бр.15-607/4 од 19.03.2018 год.



Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

Да ☐
Не ☒

Дали е приложена копија од целите?

Да ☐
Не ☒

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Тркање, со разработка на Блок 17, КО Тркање, Општина Кочани, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија.Подобрување на постоечката благосостојба на населението, подобрување на ифраструктурната односно комуналната мрежа со тоа се подобруват условите за намалување на влијанието на овој дел од населба кон животната средина. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Изградбата на планираните објекти во рамки на планскиот опфат ќе предизвика позитивни импулси од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот.<br>Влијанијата од имплементацијата на планскиот документ се во фаза на градбата и тоа зголемена бучава, зголемено количество отпад, и долгорочни влијанија како што се емисии на штетни материи во воздухот во сезона на греење поради начинот на затоплување на објектите. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Изградбата на предвидените содржини на предметната локација ќе има кумулативно влијание врз животната средина и тоа врз воздухот поради начинот на загревањ на објектите, влијанија од зголемен комунален отпад, влијание врз почвата. Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина затоа што планираните објекти не спаѓаат во група на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на хаварии и несреќи. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Површината на овој опфат изнесува 2,27 ха |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Подобрување на услови за живеење, подобра инфраструктурна поврзаност и уредување на градежното земјиште | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Постоечки дел од населба која е веќе делумно изградена со објекти за домување и изграден | |

| | |
|---|---|
| објект со намена – лесна и незагадувачка индустрија. Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасната контрола на користење и уредување на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Нема |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, нуту пак на граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Нема |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Не се очекува влијание врз областите и пејсажите. Во планскиот опфат нема национални или меѓународно заштитени подрачја. |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Планскиот документ предвидува изградба на индивидуални станбени куќи, објект за лесна и помалку загадувачка индустрија и детска градинка на веќе постоечко гадежно земјиште, со постојни објекти, и нема особено влиание бидејќи предвидена површина е дел од УПС | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Предметната локација е дел од УПС за село Тркање, во веќе урбанизирана зона која е делумно изградена. Предвидено е заштитно зеленило помеѓу земјиштето наменето за домување и лесна и помалку загадувачка индустрија, така што не се очекува предвидените објекти да имаат негативно влијание врз околните објекти, ниту пак на непосредната околина. | |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Нема директни влијанија кон одржлив развој, но не се очекуваат значителни негативни влијанија врз животната средина бидејќи се работи за разработка на Блок од урбанистички план, за кој веќе е спроведена постапка за оцена на влијанија, и се утврдени мерки за заштита, кои доследно се почитуваат. | |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Зголемување на нивото на загадување на воздухот, зголемено ниво на бучава предизвикана од градежни активности и возила | |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански | |

документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

За предметниот плански опфат постои Урбанистички план за село Тркање донесен во 2020 година за кој е спроведена постапка за оцена на влијание врз животната средина, и е добиено Позитивно мислење по Финален Извештај од страна на МЖСПП бр.15-607/4 од 19.03.2018 год.

Со предметниот плански документ се почитуваат намените предвидени во УПС.

Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.

Потенцијалните влијанија беа предмет на оцена во поранешна фаза на донесување на УПС – Тркање од 2020г., за кој е спроведена постапка за Стратегиска оцена на влијание врз животната средина.

Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).

Пред изградба на објекти, врз основа на Закон за животна средина и подзаконски акти (уредби, правилници)

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |

| | |
|---|---|
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | **Градоначалник**<br>Љупчо Папазов |
| | М.П. |

Изработил: Ружица Минова

Одобрил: Дивна Цековска